# ПИСМО ОД
# ТАТКОТО ПОЛН СО ЉУБОВ

## **БОЖЈА** ПОРАКА ДО ТЕБЕ



Исусовите ученици еднаш се обратиле до Исуса и му рекле:

***„Господи, покажи ни Го Таткото, и доста ни е.“***

Јован 14, 8

А тоа е, изгледа, и копнеж на секое човечко срце...

**Да го запознаеме Бога како свој Татко.**

Радосната вест на евангелието гласи дека Исус е Патот до Татковата љубов.

Јован 14, 6






Можеби ти
не ме познаваш
но јас знам
с è  з а  т е б е .

Псалм 139, 1

Знам
кога СЕДНУВАШ
и кога стануваш.

Псалм 139, 2

ПОЗНАТИ
ми се СИТЕ
твои ПАТИШТА.

Псалм 139, 3






Преку Мене живееш,
се движиш и постоиш.

Дела 17, 28

Зашто си мој род.

Дела 17, 28

Те познавав уште пред да
бидеш зачнат во мајчината утроба.

Еремија 1, 4 - 5

Те избрав уште кога го
планирав созданието...

Ефесјаните 1, 11 - 12

Твоето постоење не е
СЛУЧАЈНОСТ

зашто сите твои денови

се запишани во Мојата книга.

Псалм 139, 15 - 16

Го одредив точното време на твоето
раѓање и твоето место на живеење.

Дела 17, 26

Ти си чудесно и прекрасно создаден.

Псалм 139, 14

Зашто Јас те исткав во
мајчината утроба.

Псалм 139, 13

И те изведов на свет во
денот на твоето раѓање.

Псалм 71, 6



Оние кои НЕ МЕ ПОЗНАВААТ,
ти зборуваа
лошо за Мене.
Јован 8, 41 – 44
Но, Јас не сум некој далечен
и гневлив Бог
туку целосен
израз на ЉУБОВ.
1. Јованово 4, 16
И сакам да ја излеам својата љубов
врз тебе изобилно.
1. Јованово 3, 1


Едноставно затоа
што си
Мое ДЕТЕ
а јас сум твој
Татко...
Јован 3, 1
Ти нудам многу повеќе отколку
што твојот овоземен
ТАТКО некогаш би
можел да ти пружи.
Матеј 7, 11


Зашто Јас Сум совршен Татко.
Матеј 5, 48
Секој добар дар што го примаш
доаѓа од Мојата рака.
Јаков 1, 17
Зашто Јас се грижам за тебе и
ги снабдувам сите твои потреби.
Матеј 6, 31 – 33
Мојот план за твојата иднина
е секогаш исполнет со надеж.
Еремија 29, 11




Безбројни се моите добри мисли за тебе,
како песокот на морскиот брег.

**Псалм 139, 17 – 18**

И Јас се радувам за тебе и пеам.

**Софонија 3, 17**

И никогаш нема да престанам да ти правам добро.

**Еремија 32, 40**

Зашто ти си мое непроценливо богатство.

**2. Мојсеева 19, 5**

Затоа сакам да те чувам, со сето срце
и со сета своја душа.

**Еремија 32, 41**

И сакам да ти покажам ГОЛЕМИ и чудесни дела.

Еремија 33, 3

Ако ме бараш со сето свое срце,
ќе ме најдеш.

5. Мојсеева 4, 29

Надевај се во Мене и јас
ќе ги исполнам желбите на твоето срце.

Псалм 37, 4

Зашто Јас Сум тој што
ти ги дава тие желби.

Филипјаните 2, 13

Јас можам да направам за Тебе далеку
повеќе отколку што можеш да си замислиш.

Ефесјаните 3, 20

Зашто јас сум твојот најголем Утешител.

2. Солуњаните 2, 16 – 17

Јас сум Татко кој те теши
во сите твои неволји.

2. Коринќаните 1, 3 – 4

Кога си со скршено срце,
јас сум покрај тебе.

Псалм 34, 18

И те носам во своите прегратки,
како што пастирот ги носи своите јагниња.

Исаија 40, 11

Доаѓа денот кога ќе ја избришам
секоја солза од твоите очи.

Откровение 21, 3 – 4



Зашто јас сум твој Татко и те сакам
како што го сакам Мојот син, Исус.

Јован 17, 23

И во Исус совршено се открива
Мојата љубов кон тебе.

Јован 17, 26

Тој е целосен одраз на Моето битие.

Евреите 1, 3

Тој дојде да ти покаже дека Јас сум
со тебе, а не против тебе.

Римјаните 8, 31

И да ти каже дека не ги бројам твоите гревови.

2. Коринќаните 5, 18 - 19

Исус умре за да можеме Јас и ти
да се помириме.

2. Коринќаните 5, 18 – 19

Неговата смрт беше најголем израз
на Мојата љубов кон тебе.

1. Јованово 4, 10

Се откажав од СÈ
што сакав, само за да ја
придобијам твојата љубов.

Римјаните 8, 31 – 32

Ако го примиш дарот – Мојот Син, Исус,
Мене ме примаш.

1. Јованово 2, 23

И никогаш веќе ништо нема да може
повторно да те одвои од мојата љубов.

Римјаните 8, 38 – 39

Врати се дома и Јас ќе направам
најголема веселеба што Небото
некогаш ја видело.

Лука 15, 7

Јас отсекогаш бев и секогаш ќе
бидам твој Татко.

Ефесјаните 3, 14 – 15

Но, моето прашање е:
Сакаш ли ти да бидеш мое Дете?

1. Јованово 1, 12 - 13

Те очекувам.

Лука 15, 11 – 32

*Те сака **Твојот Татко,***

*Семоќниот Бог.*

Во тринаесетте кратки поглавја од оваа книга ќе читате за Божјата љубов кон Вас, за покајанието, за верата и прифаќањето, за христијанското растење, привилегијата да се молиме, што да се прави со сомневањата и како да живеете живот во радосна заедница со Вашиот **НАЈДОБАР ПРИЈАТЕЛ**, Исус.




**Бесплатно издание!**

Книгата „Патот кон Христа“ е вистински светски бестселер! Преведена е на повеќе од **160 ЈАЗИЦИ** и продадена во повеќе од **10 000 000 ПРИМЕРОЦИ.**

Овие податоци се повеќе од доволна причина да проверите што е причината за нејзината огромна популарност во целиот свет. Ви ја препорачуваме со цело срце!

***Порачајте бесплатен примерок на: 078 280 410***




**www.znacinavremeto.mk**

ПИСМО ОД

# ТАТКОТО ПОЛН СО ЉУБОВ

**БОЖЈА** ПОРАКА ДО ТЕБЕ

Дете мое, можеби ти не ме познаваш, но јас знам сè за тебе. Знам кога седнуваш и кога стануваш. Познати ми се сите твои патишта. Преку Мене живееш, се движиш и постоиш. Зашто ти си мој род. Јас те избрав.

**www.znacinavremeto.mk**